НОМАГАС

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост,
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 09-535/1
30.01 2026 год. viti.
Скопје-Shkup

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА НОМАГАС АД СКОПЈЕ ВО ОДНОС НА ОБВРСКИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОПСТВЕНИЧКОТО РАЗДВОЈУВАЊЕ

ЗА 2025 ГОДИНА

## Содржина


1. Следење на спроведување на програмата за усогласеност ..... 3
   - 1.1 Податоци, документи и информации кои беа предмет на проверка и следење ..... 3
   - 1.2 Активности и превземени мерки за спроведување на Програмата за усогласеност ..... 4
   - 1.3 Забелешки ..... 6
   - 1.4 Препораки ..... 7

2 Континуирано следење на деловните активност на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје ..... 8

3 Независност на операторот на системот за пренос на гас НОМАГАС АД Скопје ..... 8

4 Мерки кои НОМАГАС АД Скопје ги применува за остварување на транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисниците на системот за пренос на гас ..... 9

5 Проценка на изложеност на ризик од појава на било каков облик на перење на пари и корупција ..... 10

6 Потенциален или постоечки судир на интереси на вработените во НОМАГАС АД Скопје ..... 11

7 Едукација, советување, обука на вработените во НОМАГАС АД Скопје ..... 12
   - 7.1 Подготовка на програма за едукација и обука на вработените ..... 12

8 Доверливосто на деловните податоци и безбедно, одговорно и соодветно управување со податоците ..... 12
   - 8.1 Доверливост на деловни податоци ..... 12
   - 8.2 Комуникација и доверливост на деловни податоци со други оператори ..... 13

9 Соработка со секторите ..... 14
   - 9.1 Следење и соработка со Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции ..... 14
   - 9.2 Следење и соработка со Секторот за диспечерски центар ..... 15
     - Табела 1. Табеларен приказ на пренесените количини, дебалансите, сопствени потреби и загуби. ..... 15
   - 9.3. Сектор за мрежен инженеринг и технички работи ..... 16
   - 9.4. Следење и соработка со Сектор за изградба на гасоводен систем ..... 17
   - 9.5. Следење и соработка со Секторот за експлоатација и одржување ..... 17
   - 9.6. Следење и соработка со Секторот за финансии и комерција ..... 19
     - Табела 2. Финансиски месечен приказ од вршење дејност пренос на гас и вршење услуга балансирање на системот за пренос на гас . ..... 20

10. Заклучок ..... 20

Согласно Член 207 став (8) од Законот за Енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.101/25), Службеникот е должен да изготвува Годишен извештаи за спроведување на програмата за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување и истиот да го достави до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во понатамошениот текст "Регулаторна комисија за енергетика" и до неизвршните членови на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје.

# 1. Следење на спроведување на програмата за усогласеност

## 1.1 Податоци, документи и информации кои беа предмет на проверка и следење

Во изминатиот година го следев овозможувањето право на пристап, приклучување и користење на системот за пренос на гас согласно мрежните правила за пренос на гас,

Општите услови во договорите за приклучување на системот за пренос, каде се прецизирани условите и начинот на користење на системот за пренос на гас, како и надоместокот за користење на системот за пренос на гас,

Проекти поврзани со управувањето, одржувањето и развојот на системот за пренос на гас, вклучувајќи ги и инвестициите во приклучоците и во интерконективните капацитети,

Ги разгледував податоците и документите поврзани со услугата балансирање, начинот на подготовка на балансните сметки, начинот на пресметка на надоместокот за неутралност, пресметка на дневните дебаланси, количините кои беа набавени или продадени со цел покривање на дневните дебаланси, начинот на вршење на услугата балансирање на системот за пренос на гас.

Ги разгледував и анализирав сите документи за јавни набавки кои ги опфаќаат надлежностите на службеник за усогласеност од аспект да бидат усогласени со вазечките закони и подзаконски акти и давав совети и препораки каде што сметав дека е потребно.

Направив анализа на Регулативата 459/2017 во врска со воведување на капацитети во работењето на НОМАГАС АД Скопје, начинот за аукции и закуп на капацитети, соработка со другите систем оператори за пренос на гас.

Анализа на интеконекцискиот договор со соседниот систем оператор на гас, Булгартрансгаз и Договорот за соработка на гасна интерконекција Грција- Северна Македонија со Десфа од аспект на кои се должностите на НОМАГАС АД Скопје за исполнување на договорите.

Анализа на усогласеноста на работењето и исполнувањето на обврските на НОМАГАС АД Скопје кои произлегуваат од Законот за енергетика, Лиценцата за пренос на гас, Сертификацијата и назначување систем оператор за пренос на гас, Мрежните правила, Правила за балансирање на системот за пренос на гас, Правила за пазар на гас, Правила за набавка на гас за покривање на загубите на системот за пренос. Исто така направив анализа на Годишна програма за работа на НОМАГАС АД Скопје за 2025 година, Годишна инвестициона програма на НОМАГАС АД Скопје за 2025 година, Годишен план за Јавни набавки на НОМАГАС АД Скопје за 2025 година, Финансиски план на НОМАГАС АД Скопје за 2025 година, Годишен план за одржување на системот за пренос на гас за 2025 година.

## 1.2 Активности и превземени мерки за спроведување на Програмата за усогласеност

Во изминатиот период го изработив Годишниот извештај за следење на усогласеноста на работењето на НОМАГАС АД Скопје за 2024 година и го доставив до Одборот на директори и Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во понатамошениот текст "Регулаторна комисија за енергетика". По добиените забелешки од Регулаторна комисија за енергетика пристапив на доработка на извештајот и корегираната верзија повторно ја доставив до Одборот на директори и Регулаторна комисија за енергетика.

Согласно Правилник за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност Член 6 став (3) точка 4, ја доставувив Годишната инвестициска програма (ГИП) на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост за 2025 година до Регулаторна комислија за енергетика.

Изготвив детална анализа на Правилата за балансирање на системот за пренос на гас, поточно за начинот на пресметка на надоместокот за неутралност и начинот на постигнување нула вредност на сметката за неутралност од аспект дали на правичен, недискриминаторен начин се пресметува надоместокот на неутралност. Врз основа на

анализата дојдов до заклучок дека потребно е да се пормени начинот на пресметка на надоместокот за неутрланост како и начинот на враќање на средствата.

Анализа на билансирање на ситемот за пренос на гас, количината, залихата на гас во цевка, како и начинот и вршење на попис.

Изготвив детална анализа за определување на состав и топлинска вредност на гас кога неможе да се обезбеди нормална работа на гасхроматограите. Анализа на Законот за енергетика, интерконекцискиот договор со Бугарија, Мрежните правила.

Вршев проценка за потребите од измени и дополнување на интерните акти на друштвото како и донесување на нови.

Активности во врска со барање за промена на Лиценцата за пренос на гас согласно обврската од новиот Закон за Енергетика.

Изготвив документ со кој ги селектирав сите точки, надлежности и обврски кои се поврзани со НОМАГАС од новиот Законот за Енергетика кои се задолженијата на НОМАГАС АД Скопје со цел имплементирање на истите.

Анализа на работењето на НОМАГАС од аспект на независност, транспарентност, објективност и непристрасност.

Активности во однос на оневозможување на дискриминација на корисниците на системот за пренос на гас по било кој основ.

Активности во однос на доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за пренос на гас.

Имав активно учество во процесот на  на подготовка на нови Мрежни правила за пренос на гас, Правила за доделување прекугранични капацитети, Правила за набавка на гас за покривање на загубите во системот за пренос на гас, Програма за усогласеност на операторот на системот за пренос на гас, како и другите Правилници, Правила и акти кои произлегуваат од Законот за Енергетика.

Учество и кординација во подготовка на документација за ревизија на сертификација на операторот за пренос на гас.

Континуирано ја следев усогласенсоста на работата на друштвото со Законот за енергетика, обврските кои произлегуваат од Лиценцата за пренос на гас, Сертификацијата и назначување систем оператор за пренос на гас, како и другите закони, подзаконски акти и правилници. Врз основа на што во изминатиот период работев на подготовка на анализа која ги опфаќа сите задолженија кои не се исполнети или не се исполнети во целост, при што беше укажано на раководителите на сектори за обврски кои не се исполнети.

## 1.3 Забелешки

Во однос на задолженијата кои произлегуваат од сертификацијата на оператор за пренос на гас, согласно со Точка 2.1 од Одликата за сертификаија и назначување на оператор на системот за пренос на гас на Република Северна Македонија, односно упис во Агенцијата за катастар на недвижности на правото на сопственост на недвижности преку која ја врши дејноста. Во тек е постапка, односно во таа насока се направени координативни состаноци и за таа цел вклучена е и управата за решавање на имотно правни работи и констатирано е дека уписот на истите треба да се спроведе преку подрачните оделенија за решавање на имотно-правните работи, од пречина што омаат пристап до електронскиот систем за упис во Агенцијата за катастар на недвижности.

Исто така во оваа насока по маил се доставени до катастар за недвижности од страна на НОМАГАС АД Скопје информативни списоци, податоци за решенијата кои треба да се запишат во катастарот за недвижности.

Во односно по точка 2.2 од Одликата за сертификација и назначување на оператор на системот за пренос на гас на Република Северна Македонија, НОМАГАС АД Скопје ги разгледуваше можностите и начинот за одвојување на функцијата на оператор на пазар во посебно друштво кое ќе ја врши функцијата што се однесува на организација, ефикасно функционирање и развој на организираниот пазар на гас во изминатиот период можам да констатирам дека немаше некои значители активности, со оглед дека пазарат на гас во Македонија е сеуште многу мал и не развиен, се разгледуваат можностите дали да се оформи друштво кое ќе потекнува од НОМАГАС АД Скопје кое од кога ќе се лиценцира како систем оператор за пазар на гас сопственички ќе се раздвои од системот за пренос на гас или функционирањето и развојот на организираниот пазар да влезе во склоп на операторот за пазар на електрична енергија МЕМО.

Цените на набавениот односно продадениот гас за балансирање се објавуваат на веб страната на НОМАГАС АД Скопје на месечно ниво. Во изминатата година имаше поплаки во однос доцнење во објавата како и за временскиот интервал.

Исто така имаше поплаки и во однос на временскиот интервал во однос на доставувањето на балансните сметки до корисниците, како и платформата за следење на податоците (Кориснички портал) преку која корисниците можат да ја следат својата часовна и дневна потрошувачка на гас.

Податоците кои ги барав од службите ги добивав со задоцнување, во некои ситуации не ни беа доставени или беа нецелосни.

## 1.4 Препораки

Подготовка на процедура за анимирање на нови приклучоци со која би се вршела презентација на НОМАГАС на нови потенцијални корисници како и користењето на гас и добивање на нови приклучоци.

Поажурно и секојдневно објавување на цената на набавениот/продадениот гас за вршење на услугата балансирање со цел остварување по транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисниците на системот за пренос на гас.

Поажурна подготовка на балансните сметки со цел благовремена достава до корисниците и избегнување на поплаки.

Поголема активност во исполнување на задолженијата кои произлегуваат од Сертификација на оператор на системот за пренос на гас односно упис во Агенцијата за катастар на недвижности на правото на сопственост на недвижности преку која ја врши дејноста и одвојување на функцијата на оператор на пазар во посебно друштво кое ќе ја врши функцијата што се однесува на организација, ефикасно функционирање и развој на организираниот пазар на гас.

Поажурно објавување на информациите од јавен карактер на веб страната на НОМАГАС АД Скопје, како и на информациите кои што се пропишани во Законот за Енергетика и се задолжение операторот на системот за пренос на гас.

Благовремено и поажурна достава на податоци, документација и информации кои ги барам од службите.

Благовремено да бидам известен за сите активности кои се надлежност на службеникот за усогласеност, а особено за:

- условите поврзани со услугите за пристап и користење на системот за пренос на природен гас, а особено во однос на надоместоците за користење, доделувањето на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата,

- проекти поврзани со управувањето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и инвестициите во приклучоците и во интерконективните капацитети, и

- набавка или продажба на природен гас неопходен за функционирање на системот за преносна природен гас, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.

## 2 Континуирано следење на деловните активност на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје

Во изминатиот година се одржаа 37 седници, на сите седници бев уредно повикан и констатирам дека сите членови од Одборот на директори постапуваа независно и немаше никаква неусогласеност на нивните активности со важечките закони и/или подзаконски прописи кои се надлежност на Службеникот за усогласеност. Беше побарано мое мислење и консултации за сите точки кои се од моја надлежност.

## 3 Независност на операторот на системот за пренос на гас НОМАГАС АД Скопје

НОМАГАС АД Скопје како оператор на системот за пренос на гас управува со системот за пренос на гас и е одговорно за работењето, одржувањето и развојот на системот за пренос на гас, како и за поврзувањето со други системи за гас и обезбедувањето на долгорочната способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренос на гас.

НОМАГАС АД Скопје како оператор на системот за пренос на гас во Република Северна Македонија е друштво кое:

- е сопственик на системот за пренос на гас,
- не е дел од вертикално интегрирано друштво,
- е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на гас,
- не врши и е независен од вршењето на други енергетски дејности определени со Законот за енергетика.

Со цел да се обезбеди независност на операторот на системот за пренос на гас, исто лице или лица немаат право во исто време:

- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и надзорот со друштво коешто врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со гас и директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право со операторот на системот за пренос на гас,

- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на системот за пренос на гас и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво коешто врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со гас, и

- да именува членови на одборот на директори на операторот на системот за пренос на гас и во исто време директно или индиректно управуваат или остваруваат друго право во друштво кое врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со гас.

Врз основа на горенаведеното беше следена работата на Друштвото, при што не дојдов до сознанија за евентуално прекршување на независност на операторот на системот за пренос на гас НОМАГАС АД Скопје.

# 4 Мерки кои НОМАГАС АД Скопје ги применува за остварување на транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисниците на системот за пренос на гас

НОМАГАС АД Скопје е должен во рамки на своето работење да постапува во согласност со Законот за енергетика, на начин што ќе обезбеди транспарентен, објективен и недискриминаторен пристап кон сите корисници на системот за пренос на гас, притоа не создавајќи повластена позиција на одредени корисници на системот за пренос на гас за сметка на останатите корисници на системот за пренос на гас.

НОМАГАС АД Скопје обезбедува еднаков третман на корисниците на системот за пренос на гас при следните активности/процеси:

- планирање и развој на мрежата за пренос на гас преку изградба на нови и надградба на постојните интерконективни капацитети со соседните држави, водејќи сметка за ефикасно искористување на постојните интерконективни капацитети и рамнотежа помеѓу инвестициските трошоци и придобивките за потрошувачите,

- објавување на податоци и навремено обезбедување на информации за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови или транснационалните гасоводи, заради обезбедување на ефикасен, недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на системот за пренос на гас,

- набавување на гас за покривање на загубите во системот за пренос на гас со цел да обезбеди сигурно и доверливо функционирање на системот за пренос на гас по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин,

- набавување на системски услуги за балансирање на системот за пренос на гас и обезбедување на балансирање на системот за пренос на гас и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање во однос на давателите и корисниците на услугите за балансирање како и обезбедување на пресметување, фактурирање и наплата на услугите за балансирање,

- обезбедување на инсталирање и одржување на мерни уреди за мерење протокот на гас на сите мерни места во точките за прием и испорака во системот за пренос и да ги достави податоците од мерењата до корисниците на системот.

Согласно следењето на работата на друштвото можам да го констатирам дека мерките за транспарентен, објективен и недискриминаторен однос се применуваа на задоволително ниво.

## 5 Проценка на изложеност на ризик од појава на било каков облик на перење на пари и корупција

НОМАГАС Скопје е посветен на почитување на принципите на интегритетот, објективноста и непристрасноста и со својот начин на работа се бори против корупцијата и судирот на интереси.

Проценката на ризиците од корупција е првиот чекор од борбата против корупција. Преку јакнење на професионален и личен интегритет на вработените во НОМАГАС АД Скопје се очекува да ги извршуваат професионално задачите, согласно законите, прописите и интерните процеси, и со тоа смело да се спротивставуваат на корупцијата.

Како ризици и корпоративни дејства кои можат да влијаат врз потикнување на коруптивно однесување во енергетска дејност пренос на гас НОМАГАС Скопје ги детектира следниве:

- Секоја услуга надвор од стандардна процедура и врз основа на закон,а со цел да се обезбедат каква било корист или интерес за себе или за друг;
- Превземање дејствија пропишани со закон или произлегуваат со закон,а со цел да обезбедат каква била корист,интерес или привилигирана позиција за себе и за друг.
- Превземање дејствија кои не се пропишани со закон или произлегуваат со закон,а со цел да обезбедат каква била корист,интерес или привилигирана позиција за себе и за друго лице.

- Не превземање на дејствија во рок утврден со закон или што не произлегуваат од закон за кои постои законоска обрска да се превземат,а со цел да се обезбеди каква било корист за себе или за друго лице.

Со цел да се изврши проценка на изложеност на ризик од појава на перење на пари простапив кон следните активности:

- Анализа на трансакциите со кои се набавуваше и продаваше гас на Балкан гас хуб (берзата) за вршење на услугата балансирање на системот за пренос на гас,
- Анализа на фактурите за пренос и балансирање,
- Анализа на јавните набавки од аспект на зголемена конкуренција и намалување на можноста за корупција и перење пари,
- Анализа на проектите за управување, одржување и развој на системот за пренос на гас, вклучувајќи ги и инвестициите во приклучоците во интеконекторите,
- Анализа на спроведувањето на решавање на имотноправните работи (експропријација) на земјиште согласно со Законската регулатива од таа област.

Врз основа на анализите беше следена работата на Друштвото и на сите вработени, при што не дојдов до сознанија за евентуално прекршување и изложеност на ризик од појава на било каков облик на перење на пари и корупција.

## 6 Потенцијален или постоечки судир на интереси на вработените во НОМАГАС АД Скопје

Во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година континуирано ги следев работењето и активностите на вработените во НОМАГАС АД Скопје од аспект на судир на интереси, при што можам да констатирам дека не воочив никакви постоечки и потенцијални судир на интереси.

# 7 Едукација, советување, обука на вработените во НОМАГАС АД Скопје

## 7.1 Подготовка на програма за едукација и обука на вработените

Во измиатиот период работев на подготовка на програма за едукација и обука на вработените во однос на примена на позитивните законски прописи, запознавање со политиките на друштвото, транспарентноста, независноста, управувањето со ризици, интегритетот и професионалната етика, која од кога ќе биде подготвена ќе биде презентирана на вработените во НОМАГАС АД Скопје со цел запознавање со програмата и применување на истата.

Програмата се подготвува во соработка со Одделението за човечки ресурси. Во секојдневните состаноци кои ги одржувaв со вработените на НОМАГАС АД Скопје ја користев можноста за советување, информирање и обуки за постапување согласно со начелата за независност, транспарентност и непристрасност при работењето, како и спроведување и примена на Програмата и Правилникот за усогласеност.

Исто така во изминатиот период го следев исполнувањето на обврските на вработените во однос на реализација на Програмата за усогласеност и обезбедував консултации во областите кои се надлежност на службеникот за усогласеност кога тоа беше побарано од мене.

# 8 Доверливосто на деловните податоци и безбедно, одговорно и соодветно управување со податоците

## 8.1 Доверливост на деловни податоци

Согласно Правилникот за видот на документите и податоците кои се сметаат за деловна тајна, како и други начела за деловна тајна, во деловни податоци спаѓаат:

- Лични податоци и документи за вработените до Друштвото.
- Документи, податоци и информации за финансиските показатели за работењето на Друштвото, сметководствени податоци, од плата до завршна сметка, остварени добивки, краткорочни и долгорочни обврски и сите останати податоци кои се основа за бонитет на фирмата,

- Записи за доверливост на системот за пренос, податоци од системот за надзор и управување и мерни податоци.
- Документи, податоци и информации добиени и испорачани од и до државните органи, други правни или физички лица кои тие ги штитат како деловна или службена тајна.
- Податоци или документи кои се содржани во досиеата за јавни набавки во зависност од фазата во која е постапката за доделување на договор за јавни набавки, како и доверливите информации кои како такви ги означиле понудувачите, односно економските оператори.
- Техничка и проектна документација, податоци и информации поврзани со дејноста на Друштвото.
- Други информации, податоци или документација која се смета за доверлива согласно законските и подзаконските прописи или која е определена со акт од Одборот на директори или собранието на акционери.
- Секој вработен за времетраење и по завршување на работниот однос, не смее да користи за своја употреба или да предаде на трети лица документи, акти или информации што се сметаат за деловна тајна.

Врз основа на овие точки беше следена работата на Друштвото и на сите вработени, при што не дојдов до сознанија за евентуално прекршување на доверливоста на деловните податоци и деловната тајна.

## 8.2 Комуникација и доверливост на деловни податоци со други оператори

Во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година соработката со соседниот систем оператор за пренос на гас Булгартрансгаз се одвиваше на задоволително ниво на дневна основа. Сите технички проблеми се решаваа брзо во добра соработка помеѓу операторите. Комуникацијата се одвива преку CDP-Commercial Dispatching Platform, преку email и телефонски заради размена на податоци и информации. Воедно можам да констатирам дека беше запазена доверливоста на деловните податоци, односно не дојдов до сознанија за неправилности при кординацијата и соработката со другите оператори на системи за пренос на гас.

# 9 Соработка со секторите

Соработката со сите сектори во Друштвото во периодот на подготовка на овој извештај беше извршувано на неделно ниво, доколку беше потребно и во пократок временски интервал, се одвиваше на начин со интензивна комуникација, разгледување на документација и консултации за активностите.

Во продолжение краток осврт на активностите по сектори во изминатиот период:

## 9.1 Следење и соработка со Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции

Во изминатиот период Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции работеше на двата Интерконектора Македонија – Грција и Македонија – Србија.

Во врска со Интерконекторот Македонија – Грција беше работено на целокупната тендерска документација потребна за спроведување на тендерската постапка за избор на изведувач за изградбата на Интерконекторот.

Потпишување Договор за изградба – на 7-ми мај потпишан е Договор за изградба на Интерконекторот со Грција.

Извршено е примопредавање на трасата и отпочната е изградбата.

Во декември отпочна испораката и на цевки.

Во врска со Интерконекторот Македонија – Србија беше работено на Физибилити студија и Студија за оценка на влијанието врз животната средина кој ги опфаќа следните документи:

- Проценка на побарувачката и понудата на гас и анализа на пазарот
- Идентификација и техничка проценка на алтернативите
- Повеќекритериумска анализа и избор на претпочитаниот коридор
- Концептуален дизајн
- Инвестициски трошоци за претпочитаната опција
- Финансиска, економска анализа и CBA за претпочитаната опција.
- Извештај за опфатот на животната средина и социјалната средина.
- Оцена на влијанието врз животната средина и социјалната средина.
- План за ангажирање на засегнатите страни.

Исто така Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции работеше и на подготовка на:

- Изработка на квартален Акциски план, табеларен приказ за напредокот на реализација на развојните проекти и слични документи со цел известување на надлежните институции за развојот на гасификацијата
- Изработка на тендерски документации за проекти финансирани од меѓународни финансиски институции.
- Изработка на извештаи и документации согласно барањата од договорите за финансирање со ЕИБ и ЕБОР.

Сите материјали беа уредно и навремено доставени до Службеникот за усогласеност на разгледување.

## 9.2 Следење и соработка со Секторот за диспечерски центар

Во изминатиот период беа пренесени 2.492.841.984 kW гас. Негативниот дебаланс изнесуваше 137.733.436 kW, позитивниот 92.270.580 kW. На берза беа извршени трансакции од 69.580.000 kW купен гас и 26.175.000 kW продаден гас. Набавени беа 2.263.000kW за покривање на сопствените потреби.

**Табела 1**. Табеларен приказ на пренесените количини, дебалансите, сопствени потреби и загуби.

| 2025 | Пренос | Дебаланс | | Берза | | Измерени сопствени потреби и загуби | | Купени количини | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Негативен | Позитивен | Купен kWh | Продаден kWh | Сопствени потреби | Загуби | Сопствени потреби | Загуби |
| Јануари | 493.457.669 | -17.745.658 | 21.741.241 | 7.000.000 | -9.450.000 | 498.252 | -1.286.537 | 310.000 | 0 |
| Февруари | 443.444.082 | -11.941.091 | 21.350.294 | 1.500.000 | -9.950.000 | 482.285 | -424.502 | 500.000 | 0 |
| Март | 234.298.777 | -16.875.766 | 8.632.267 | 10.500.000 | -3.750.000 | 336.278 | -1.117.137 | 485.000 | 0 |
| Април | 75.665.573 | -37.799.395 | 2.591.379 | 34.650.000 | 0 | 148.693 | 160.753 | 337.000 | 0 |
| Мај | 39.060.400 | -1.645.825 | 1.334.274 | 1.370.000 | -525.000 | 84.329 | 101.084 | 149.000 | 0 |
| Јуни | 90.082.381 | -16.430.880 | 7.930.880 | 10.070.000 | -500.000 | 76.261 | 436.801 | 85.000 | 0 |
| Јули | 294.037.642 | -7.704.236 | 6.912.343 | 2.000.000 | -1.000.000 | 131.749 | 100.687 | 77.000 | 0 |
| Август | 225.856.576 | -4.712.321 | 8.039.933 | 0 | 0 | 301.058 | 55.748 | 0 | 0 |
| Септември | 226.291.563 | -6.316.314 | 4.054.299 | 0 | -1.000.000 | 94.548 | 346.067 | 0 | 0 |
| Октомври | 370.647.321 | -16.561.950 | 9.683.670 | 2.490.000 | 0 | 198.146 | -780.615 | 320.000 | 0 |
| Ноември | | | | | | | | | |
| Декември | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | 2.492.841.984 | -137.733.436 | 92.270.580 | 69.580.000 | -26.175.000 | 2.351.599 | -2.407.651 | 2.263.000 | 0 |

**Напомена:**

Податоци за последните два месеци, односно Ноември и Декември не добиви до датумот на подготовка на извештајот.

## 9.3. Сектор за мрежен инженеринг и технички работи

**Затварање на прстенот во град Скопје**

- Тековни активности, кординација и состаноци помеѓу проектантите и службите во град Скопје на урбанистичкиот инфраструктурен проект за делница 21 и 22 за затварање на прстенот во град Скопје. Сите дополнувања се направени и целосно завршени. Се чека одобрување од град Скопје на урбанистичкиот инфаструктурен проект.

**Проект Лот 7 Кичево- Охрид**

Во врска со проектот Лот 7 Кичево Охрид, како одговор на проектантот Коленко го имаме добиено следниот статус на проектот Кичево-Охрид:

- Урбанистичкиот проект за инфраструктура е поднесен во Министерство за транспорт и се очекува одговор од надлежните институции.

- Се работи и на Основниот проект кој е завршен во поголемиот дел, односно: изработена и геомеханика, поставена е траса на гасоводот, сите стационажи и позициите на ГМРС, блок станиците и чистачката станица и др.

**Урбанистички проект за Магистрален гасовод Делница 8 Свети Николе – Велес**

- Урбанистичкиот проект за магистрален гасовод Делница 8 Свети Николе-Велес е доставен на одобрување до институциите, а паралелно се подготвува и основниот проект, со должина на линиски дел од 28 километри, блок станици и ГМРС Свети Николе и ГМРС Велес

**Останати активности**

- Направена е проверката на целиот проектен материјал за ТЕ-ТО АД Скопје за кој треба да доставиме мислење, и доставени се забелешки и инструкции за дополнување, по извршен увид во корегираниот материјал, завршена е координацијата на проектниот материјал за ТЕ-ТО АД Скопје.

- Изработката на урбанистичките проекти за: крак Кавадарци, крак кон ТЕЦ Неготино, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Тетово, ТИРЗ Прилеп.

- Од страна на општина Кавадарци, а во врска со дистрибуција на градот доставена ни е проектна документација за усогласување и проверка. По завршената проверка и преклопување на трасите доставена е преклопена ситуација со место на спојување на двата гасоводи и мислење во врска со недостатоци во проектната документација за дистрибуција на градот Кавадарци до надлежните лица на општина Кавадарци.

- Направени се анализи и пресметки за проценета инвестиција за потенцијални нови приклучоци кон системот за пренос на гас.

## 9.4. Следење и соработка со Сектор за изградба на гасоводен систем

Во изминатиот период Секторот за изградба на гасоводен систем интензивно работеше на изградба на Опремна чистачка станица и Приемна чистачка станица на делница ЛОТ 1. Изградбата се одвива согласно планираната динамика за изградба. Набавена е целокупната опрема и материјалите, се работеше на расчистување на теренот и на машинските работи, како и на подготовка на севкупната документација.

Следење на динамиката на изградбата на Интерконективен гасовод со Р.Грција.

## 9.5. Следење и соработка со Секторот за експлоатација и одржување

Во овој период покрај редовните работни обврски опишани во годишните планови за одржување спроведени беа и следните активности:

- Извршена е санација на затварачот од комората на отпремниот чистачки уред на ОЧС Клечевце ЛОТ 1
- Извршена е поправка на изолација на издувни свеќи на гасоводни објекти на ГГМ Скопје.
- На ГГМ Скопје завршени се сите активности за замена на стари и дотраени знаци за обележување и предупредување на гасоводните објекти (шахти).
- Извршено е испирање и подмачкување на вградените вентили ДН 80 и ДН 400 кај потрошувачот МС ТЕ-ТО.
- Извршена е симулација на работењето на гас генераторите на ГМРС Југ и ГМРС Север, во услови без напојување со електрична енергија. По што е констатирано дека функционираат без проблем.
- Извршено е мерење на заштитното заземјување на гасоводните објекти на ЛОТ 5 заедно со инспекциското тело при што е констатирано дека се е во ред.

- Отстранет е дефект од станицата за катодна заштита СКЗ-2 Страцин, заменети се клемниците во самата станица, со што е остварен контакт помеѓу референтната електорда и станицата. Станицата за катодна заштита е повторно активирана и ставена во функција.
- По констатиран дефект со мерењето на протокот на гас кај потрошувачот МРС Когел, констатирано е дека турбинското мерило е вон функција, извршена е замена со друго мерило кое е калибрирано и верификувано, замената е извршена во присуство на член од бирото за метрологија.
- Извршена е интервенција кај потрошувачот МРС Европа, по пријава за дефект од диспечерски центар, по извршената проверка на регулаторите и останатата вградена опрема, констатирано е дека дефектот е во инсталација на корисникот.
- Изготвени и предадени дописи до инспекторати на град Скопје, државен иснпекторат за градежништво и урбанизам и скопски општини за нарушување на заштитниот појас на гасоводни инсталации.
- Извршена е контрола и проверка на функционалност на вградената опрема на Магистрален гасовод, Делница Скопје - Гостивар – ЛОТ 5
- Извршена е контрола и проверка на херметичност на филтерските единици и мерните линии, отпорот за заштитно заземјување на целата гасна опрема, ограда, контејнер, мерни линии на ГМС Жидилово и ОЧС Жидилово. По што не се констатирани проблеми.
- Извршена е симулација на работењето на гас генераторите на ГМРС Југ и ГМРС Север, во услови без напојување со електрична енергија. По што е констатирано дека функционираат без проблем.
- По најава од страна на ЕВН дека ќе нема електрична енергија подолг период, извршено е затварање на главниот излезен вентил од мерните линии, затворени се влезовите на регулација, ударните блокови и излезните вентили на ГМРС Скопје – Север. Исклучени се пумпите и котлите. Преусмерен е протокот на ГМРС Скопје-Југ. По отстранување на дефектот од страна на ЕВН вратена е станицата во првобитна состојба и е активирана.
- Извршена е репарација на пилот и копилот на двете регулациони линии на МРС Алкалоид, по извршената репарација направена е проверка на непропустливост и подесување на работен притисок, станицата е доведена во нормален режим на работа.
- Извршена е репарација на регулатор (горно седиште, сет гумици) и пилот на едната регулациона линија на МРС Когел – Скопје, по извршената репарација направена е проверка на непропустливост и подесување на работен притисок, станицата е доведена во нормален режим на работа.
- При извршување на геомеханичко испитување на земјиште без согласност и одобрение од НОМАГАС АД Скопје направено беше оштетување, односно продупчена

беше гасоводната цевка Ф108 мм на кракот кон потрошувачот Стаклара, на делница 12 од ГГМ Скопје. За настанатата оштетување известени беа сите надлежни институции во државата. Бидејќи со оштетувањето целосно беше нарушена безбедноста на гасоводната инсталација и на околината, веднаш беше пристапено кон сегментирање и празнење на гасоводната инсталација од ГМРС Скопје Југ до шахта број 12 од ГГМ Скопје, заедно со приклучните краци кон потрошувачите Цементарница титан, Охис и Стаклара. Во најкус можен рок беше пристапено кон санирање на оштетувањето, по што е извршено испитување и заполнување на гасоводната инсталација.

- Извршена е симулација на работењето на гас генераторите на ГМРС Југ и ГМРС Север, во услови без напојување со електрична енергија. По што е констатирано дека функционираат без проблем.
- Беше извршено мерење на отпорот на заштитното заземјување на системот за пренос на гас Деве Баир – Скопје, при што беше извршена санација на опремата за заземјување на неколку места.
- Воведени беа дежурства и приправност за спречување на потенцијално загрозување на системот од активните пожари.
- Извршена е замена на турбинските мерила во МРС Жан Митрев Клиника – Скопје, МРС Амбасада САД – Скопје, МРС Клинички центар со мерила кои се калибрирани и верифицирани. Замената е извршена во присуство на инспектор од бирото за метрологија. При промената на мерилата извршена е проверка и подесување на работната и резервната линија на мерно-регулационите станици.
- Извршена е контрола и технички преглед на сигурносни вентили, громобранска заштита и atex од страна на инспекциско тело ТЦИ ЕуроЦерт на следните мернорегулациони станици: МРС Охис – Скопје, МРС Амбасада САД – Скопје и МРС КПУ Скопје - Шуто Оризари. Констатирано е дека нема истекување на гас и неправилности.
- Извршена е симулација на работењето на гас генераторите на ГМРС Југ и ГМРС Север, во услови без напојување со електрична енергија. По што е констатирано дека функционираат без проблем.

## 9.6. Следење и соработка со Секторот за финансии и комерција

Во изминатиот период беа пренесени количини на гас во вредност од 440.248.317денари, наплатени беа 466.632.646 денари од негативен дебаланс, платени беа 294.435.594 денари од позитивен дебаланс. Во изминатата година беа купени количини гас во вредност од 178.129.970 денари, а продадени во вредност од 92.072.495 денари. За сопствени потреби беа набавени количини гас во вредност од 6.913.583денари.

Во прилог табеларен приказ на месечно ниво:

**Табела 2.** Финансиски месечен приказ од вршење дејност пренос на гас и вршење услуга балансирање на системот за пренос на гас .

| Месец | Пренос | Дебаланс | | Берза | | Сопствени потреби | Загуби |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Негативен | Позитивен | Купен | Продаден | | |
| Јануари | 67.515.327 | 56.289.177 | 53.177.249 | 20.477.039 | 25.083.055 | 820.640 | 0 |
| Февруари | 60.620.892 | 45.037.612 | 62.062.508 | 5.186.254 | 30.743.553 | 1.472.818 | 0 |
| Март | 32.659.314 | 48.360.246 | 20.611.009 | 27.614.861 | 10.305.610 | 1.243.954 | 0 |
| Април | 11.046.075 | 102.763.700 | 5.675.262 | 82.953.601 | 0 | 818.324 | 0 |
| Мај | 5.729.609 | 4.016.712 | 2.655.369 | 3.011.881 | 1.160.359 | 341.650 | 0 |
| Јуни | 12.508.648 | 42.638.955 | 15.230.088 | 25.407.982 | 993.641 | 212.256 | 0 |
| Јули | 26.119.557 | 18.092.709 | 13.253.683 | 4.328.928 | 2.014.094 | 165.893 | 0 |
| Агуст | 22.994.672 | 9.774.359 | 13.646.045 | 0 | 0 | 255.000 | 0 |
| Септември | 23.360.362 | 13.577.568 | 7.101.194 | 0 | 1.880.393 | 561.186 | 0 |
| Октомври | 50.256.974 | 70.225.878 | 37.854.136 | 3.615.861 | 0 | 183.523 | 0 |
| Ноември | 58.668.286 | | | 5.533.563 | 441.536 | 370.957 | 0 |
| Декември | 68.768.601 | 55.855.730 | 63.169.051 | 0 | 19.450.254 | 467.382 | 0 |
| **ВКУПНО** | **440.248.317** | **466.632.646** | **294.435.594** | **178.129.970** | **92.072.495** | **6.913.583** | **0** |

## 10. Заклучок

Во изминатиот година гледано во целост, НОМАГАС АД Скопје успешно ги спроведуваше своите обврски и активности со што обезбеди стабилно и сигурно работење на системот за пренос на гас.

Беа утврдени одредени пропусти и аномалии во спроведувањето на Правилниците за кои беше извршена анализа и дадени препораки за надминување. Исто така воочени беа и одредени пропости за целосно имплементирање на Правилниците за кои се известија засегнатите служби кои имаат должност во наредниот период да ги имплементираат со цел целосно постапување по одредбите.

Можам да констатирам дека во изминатиот период доследно се почитуваа и спроведуваа обврските на вработените на НОМАГАС АД Скопје одредбите и обврските од Програмата и Правилникот за усогласеност, каде што се постапуваше независно, транспарентно, објективно и непристрасно во самото работење и не се воочија никакви елементи на дискриминација по било кој основ кон корисниците на системот за пренос на гас.

Комуникацијата со вработените ја оценувам на задоволително ниво, можам да констатирам мали аномалии од аспект да не бидам известен за активности кои се од надлежност на службеникот за усогласеност во моментот, односно бев известен со закаснување на што посочив дека треба да сум благовремено известен и беше прифатена сугестијата. Воедно податоците кои ги барав од службите ги добивав со задоцнување, во некои ситуации не ни беа доставени или беа нецелосни.

Скопје

30.01.2026 година

Службеник за усогласеност

м-р. Дарко Бундалески д.м.и.